57500

ВРЕМЕ 21
Среда, 28 декември 2005 , 588,

ИЗЛЕЗЕ НОВ БРОЈ НА СПИСАНИЕТО ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ

# Една деценија на „Големото стакло"

Дваесеттиот број на списанието за визуелни уметности „Големото стакло", чии издавачи се Музејот на современата уметност и „Скенпоинт", излезе деновиве, одбележувајќи мал јубилеј - десет години постоење.

- Во текот на изминатите десет години „Големото стакло" константно одбираше теми посветени на актуелната ликовна проблематика или на одделни области во визуелните уметности: инсталации, уметноста во постсоцијализмот, ангажираната, концептуалната уметност, неоегзистенцијализмот, феноменот на глобализацијата... Во него како соработници продефилираа сите историчари и критичари на уметноста, одделни филозофи и ликовни уметници од Македонија, паралелно со звучните светски имиња од теоријата и од историјата на уметноста како Томас Мекевили, Харалд Земан, Антје фон Гравениц и други - вели Соња Абаџиева од МСУ, главен уредник на списанието.


Во „Големото стакло" е застапен преглед од Биеналето во Венеција

Темата на последното издание се врзува за стогодишнината од отворањето на првото ателје на браќата Јанаки и Милтон Манаки во Битола, претставувајќи една некласична генеза на македонската фотографија.

- Запознавањето на нашата и особено на светската културна јавност со повеќе или помалку познатите креатори на фотографскиот дискурс во Македонија е потврда плус на македонскиот уметнички идентитет, нешто што одамна сме си го должеле себеси, но и на другите што сакаат да нè запознаат - пишува Абаџиева во уводникот на списанието.

Овој број содржи прилози со богата фотодокументација и од светските биеналиња во Венеција, Истанбул, Љубљана и во Тирана. ❑